**Marisol®Jet, хипертоничен спреј за нос со морска вода**
**Marisol®Strong Jet, хипертоничен спреј за нос со морска вода**

**Силата на морето во спреј**

Правилната хигиена на носот е важна за бебињата, децата и возрасните. Вишокот на слуз во носните шуплини може да го зголеми ширењето на микробите и прекумерна сувост на слузокожата на носот.
**Marisol®Jet / Marisol®Strong Jet, хипертоничен спреј за нос со морска вода** силно ја хидрира назалната слузница благодарение на своето механичко делување и помага во испирање и елиминирање на слузта, со што на едноставен начин ја воспоставува физиолошката функција на слузокожата на носот.
Во **Marisol®Jet / Marisol®Strong Jet, хипертоничен спреј за нос со морска вода** се зачувани најважните својства на природната морска вода.
**Marisol®Jet / Marisol®Strong Jet, хипертоничен спреј за нос со морска вода** содржи морска вода со потекло од заливот Канкал во Британија, кој е познат по квалитетот на својата вода. Заливот Канкал се одликува со исклучителен опсег на плима и осека (12 m) и го заплискуваат силни морски струји, што спречува загадување на водата. Оваа едноставна комбинација на природни фактори обезбедува непрекинато самопрочистување на водата и резултатот на тоа е константно чиста вода. Земањето мостри од водата се врши автоматски, кога квалитетот на водата е оптимален (после периодот на плима). Областа каде се врши земањето на мостри е класифициран како Класа А и во континуитет за контролира во поглед на здравствена исправност (микробиолошки, во поглед на хемиска контаминација, содржина на фитопланктони, pH вредност ...).

**Состав:** Морска вода, прочистена вода

**Индикации:**
**Marisol®Jet хипертоничен спреј за нос со морска вода** е медицинско средство кое можат да го употребуваат деца и бебиња од 3 месеци.
**Marisol®Strong Jet хипертоничен спреј за нос со морска вода** е медицинско средство кое може да го употребуваат возрасни и деца на 3 години. Се препорачува кај инфекции на назофарингеалната слузница, течење на носот, инфекција на параназалните синуси, како и рчење предизвикано од сувата слузокожа на носот. Хипертоничниот спреј за нос со морска вода го отстранува вишокот на течности од клетките на слузницата со својот осмотски ефект, овозможувајќи механичко чистење и деконгестија на горните дишни патишта, како и намалување на отокот на мукозните мембрани.
Правилна употреба на **Marisol®Jet / Marisol®Strong Jet, хипертоничен спреј за нос со морска вода** во секојдневната хигиена на носот помага кај: назофарингитис, опструктивен ринитис и синузитис, ирритација и сувост на на носот, како и засипнатост која настанала како резултат на сувост на мукозните мембрани. Исто така, секојдневната употреба е индицирана како адјувантна терапија во лекување на ОРЛ и педијатриски заболувања.

**Упатство за употреба:**

1. Нежно поставете го врвот на апликаторот на влезот на ноздрата.
2. Притиснете ја пумпицата на спрејот.
3. Пуштете да истече вишокот на раствор како би се остранила слузта, а после тоа издувајте го носот.

4. Повторете ја постапката и со другата ноздра.
5. Исчистете го врвот на апликаторот со вода и исушете го. Аплицирајте во секоја ноздра онолку често и долго колку што Ви е потребно.

**Упатство за употреба на производот кај бебиња:**

1. Ставете го бебето во лежечка позиција со главата благо наведната на една страна, како би се овозможило полесен влез на растворот во ноздрата.
2. Распрснете го спрејот со притисок на пумпицата во траење од неколку секунди.
3. Исправете го бебето во седечка позиција, за да може вишокот на раствор да истече и соберете го со марамица.
4. Повторете ја постапката и со другата ноздра.
5. Нежно избришете го пределот околу ноздрите без вовлекување на марамицата длабоко во носот на бебето. Исчистете го врвот на апликаторот со вода и исушете го.

   Аплицирајте во секоја ноздра, 2 до 3 пати на ден.

**Предупредување:**

- Од хигиенски причини, како и со цел спречување на ширење на инфекција, спреј пумпата би требало да ја користи само едно лице.
- После првото отварање, спрејот да се употребува подолго од 3 месеци.
- Да се чува вон дофат на деца.
- Да не се употребува после датумот на истек на употреба назначен на кутијата и спреј пумпата.
- Да се чува на суво и ладно место, на температура под $40^0$C.
- Да се чува заштитено од директна сончева светлина и други извори на топлина.

**Пакување:** спреј пумпа под притисок од 120 ml со апликатор за нос.

- **Marisol®Jet хипертоничен спреј за нос со морска вода** – со деликатно распрскување – соодветен за употреба кај деца и бебиња од 3 месеци.
- **Marisol®Strong Jet хипертоничен спреј за нос со морска вода** – со средно јако распрскување – соодветен за употреба кај возрасни и деца над 3 години.

**Број на Решение за запишување на медицинското средство во Регистарот на медицински средства: 14-6141/2 od 17.06.2020 година.**

**Производител:** PHARMALINK, S.L. Av. Universitat Autonoma, 13 parc Tecnologic del Valles, 08290 Cerdanyola del Valles-BARSELONA, Шпанија

**Увозник и дистрибутер:** Септима дооел, ул. Христо Татарчев 13 бр.9 Скопје, Р. Северна Македонија